РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно училиште на град Скопје
Гимназија ЈОСИП БРОЗ ТИТО
Бр. 04-269/3
08.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

# КОНКУРС

за запишување ученици во трета година
во паралелка со **Меѓународна матура** во учебната **2026/27**
во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито„ Скопје

## УСЛОВИ ЗА УПИС И КОНКУРСНИ РОКОВИ

1. **БРОЈ НА УЧЕНИЧКИ МЕСТА**

Во согласност со Конкурсот на Министерството за образование и наука за запишување на ученици во учебната **2026/27** г. во гимназијата „Јосип Броз Тито во Скопје ќе се запишат **20 ученика во трета година** во една паралелка со диплома програма на Меѓународна матура во која наставата ќе се изведува на англиски и македонски јазик.

2. **УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

Учениците треба да ги исполнуваат следните услови:
-да имаат завршено прва и втора година гимназиско образование;
-да го владеат англискиот јазик,
-да ги исполнат барањата утврдени со условите за прием во паралелката со Меѓународна матура:
а) да изработат писмен состав на англиски јазик;
б) да изработат кус состав на македонски јазик;
в) да изработат општ тест на знаење од природната група предмети( математика, хемија,) на македонски јазик;
г) интервју на македонски и англиски јазик.

Услови за прием во паралелката со Меѓународна матура:
**Се запишуваат првите 20 кандидати на ранг листа на кандидати кои конкурирале. Минимум поени за прием во програмата се 75 поени.**

**Рангирање на кандидатите: Можни поени 100**
**-успех од свидетелства од прва и втора година гимназија 50 поени**

**Поените за успех** се добиваат така што просечниот успех за секоја година од 5,00 се множи со 5 или се добиваат 25 поени за една учебна година.
**-резулатити од приемен испит 50 поени**

| **Поени од приемен испит** | **вкупно** | **50 поени** |
|---|---|---|
| Писмен состав на англиски јазик | | 10 поени |
| Кус состав на македонски јазик | | 10 поени |
| Тест по математика | | 10 поени |
| Тест по хемија | | 10 поени |
| Интервју на англиски | | 5 поени |
| Интервју на македонски јазик | | 5 поени |

Доколку кандидатот приложи диплома од освоени награди на државен или меѓународен натпревар по предметите кои се застапени во програмата на Меѓународна матура тие ќе се бодираат дополнително со 2,5 поени по диплома.

**3. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

-**пријава за запишување** во трета година ( иста како и за гимназиите).(може да се земе во училиштето)
-**свидетелство** за завршена **прва година гимназија** и **потврда** дека ученикот е редовен ученик во втора година гимназија, (свидетелството за завршена втора година ќе се достави дополнително),
-**извод од матична книга на родените** со матичен број, без разлика на датумот на издавањето,
-**диплома за освоени награди** на државни и меѓународни натпревари по предметите застапени во Меѓународната матура (доколку ги има),

Документите за пријавување во паралелката се поднесуваат лично во училиштето ( кај секретарот) во периодот од 11 до 15 мај 2026 год. од 8 до 14 часот.
Свидетелството за завршена втора година гимназија се поднесува дополнително.

**Информации за програмата за Меѓународна матура може да се најдат на Веб страната на гиманзијата www. josipbroztito.edu.mk и на социјалните мрежи на фејсбук профилот на Гимназија „Јосип Броз Тито„ Скопје**

**4. КОНКУРСНИ РОКОВИ**

1.Презентација на програмата за ученици и родители **15 април 2026во 17.30 часот.**
2. Пријавувањето на кандидатите е на од **11 до 15 мај 2026** од **8 до 14 часот.**
2. Приемни испити се изведуваат на **15 и 16 јуни 2026** во Гимназијата со почеток **од 9ч.**
3. Изработка на **писмен состав на англиски јазик и кус писмен состав на македонски јазик на 15 јуни (понеделник) 2026 во 9 часот**,
5. Изработка на тест на знаење по **математика и хемија на 16 јуни (вторниџ) 2026г. од 9 .оо часот**
6. Интервју на македонски и англиски јазик на **16 јуни (вторник) 2026 во 11ч.**
7. Дополонително поднесување на свидетелства за завршена втора година од **22 -25 јуни 2026 г. од 9 до 12 ч.**
8. Објавување на листата на примени кандидати е на **26 јуни 2026г.**

СУГС ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО"
С К О П Ј Е

Директор

Силвана Кржовска

СКрнебсиа